**20250751659**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА

Врз основа на член 18 став (2) од Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/05, 84/07, 158/10, 136/11, 199/14, 192/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 215/21 и 3/25) и член 4 став (2) од Законот за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/13), министерот за надворешни работи и надворешна трговија во согласност со министерот за финансии, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ОБЛИКОТ И СОДРЖИНАТА НА „СЕРТИФИКАТОТ ЗА КРАЕН КОРИСНИК“ ПРИ УВОЗ НА СТОКИ И ТЕХНОЛОГИИ СО ДВОЈНА УПОТРЕБА

Член 1

Со овој правилник се пропишува обликот и содржината на „сертификатот за краен корисник“ при увоз на стоки и технологии со двојна употреба.

Член 2

„Сертификатот за краен корисник“ при увоз на стоки и технологии со двојна употреба се издава на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

Обликот и содржината на образецот на сертификатот од ставот 1 на овој член, се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

„Сертификатот за краен корисник“ се издава врз основа на барање на увозникот, за узвоз на стоки и технологии со двојна употреба согласно член 18 став (1) од Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба, кон кое се приложуваат следните докази:

- копија од тековна состојба на увозникот во трговскиот регистар, издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
- копија од согласност или дозвола од надлежен орган за вршење дејност, ако е пропишано со закон;
- копија од документи за квалитетот и техничките карактеристики на стоките и технологиите (доколку се работи за хемикалии, формула на структурата на елементите и регистерски број на сервисот за хемиските состојки CAS);
- оригинал или копија заверена на нотар на договор односно нарачка со правното лице од кое се врши увозот;
- изјава дека стоките и технологиите кои се увезуваат нема да се употребуваат за други намени и дека нема да се извезат без дозвола од Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и
- образец за уплата на административна такса.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на „Сертификатот за краен корисник” при увоз на стоки и технологии со двојна употреба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/06).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 23-2073/1
3 април 2025 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска Кочоска,** с.р.

Бр. 36-4858/25-3
8 април 2025 година
Скопје

Министер за надворешни работи и надворешна трговија,
д-р **Тимчо Муцунски,** с.р.

**Образец** **Прилог /Appendix**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА**
**REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**
**MINISTRY OF FOREIGN AFFAIRS AND FOREIGN TRADE**

**СЕРТИФИКАТ ЗА КРАЕН КОРИСНИК EUC N° DU – E**
**ND USER CERTIFICATE**

| | |
|---|---|
| **1. УВОЗНИК/IMPORTER**<br>Име и презиме / Назив / Name<br><br>Адреса/Address<br>Поштенски број/Post code<br>Град/City<br>Тел. за контакт/Contact No.<br>Дозвола бр. – License No<br>Важност до – Valid until | **2. ИЗВОЗНИК/EXPORTER**<br>Име и презиме / Назив / Name<br><br>Адреса/Address<br>Поштенски број/Post code<br>Град/City<br>Тел. за контакт/Contact No. |
| **3. КРАЕН КОРИСНИК/END USER**<br>(доколку е различен од увозникот/if different than importer) Назив/Name<br><br>Адреса/Address Поштенски број/Post code Град/City Тел. за контакт/Contact No. | |
| **4. ДОГОВОР И/ИЛИ ФАКТУРА** (број и датум)/ CONTRACT and/or INVOICE (No. and Date) | |
| **5. ОПИС НА СТОКАТА/DESCRITION OF GOODS** **КОЛИЧИНА/QUANTITY**<br>....................................................................................... ..................................<br>Продолжете во Анекс бр. 1 (доколку е повеќе од една стока)/ Continue in Annex No. 1 (if there is more than one good) | |
| 6. Стоките наведени во точка 5. исклучиво се наменети за потребите на увозникот или крајниот корисник (доколку се разликува од увозникот)/Goods listed in item 5. are solely intended for the use by importer or the end user (if different than the importer) | |
| 7. Со ова, увозникот или крајниот корисник (доколку се разликува од увозникот) е согласен/ Hereby, the importer or end user (if different that the importer) agrees:<br>– дека стоката наведена во точка 5. нема да ја користи за активности поврзани за хемиско, биолошко или нуклеарно оружје или ракети кои може да носат или лансираат вакви оружја/ that goods listed in item 5. shall not be used for activities related to chemical, biological or nuclear weapons or missiles that can carry out or launch such weapons<br>– дека стоката наведена во точка 5. нема да се препродава, реекспорт или претовара на било кое друго лице или држава без претходно обезбедна дозвола од надлежен орган во Република Северна Македонија/ that goods listed in item 5. shall not be divert, re-exported or transshipped to any other person or country without priory secured license from a competent authority in the Republic of North Macedonia<br>– на барање на надлежниот орган од земјата извозник да го потврди приемот на стоката наведена во точка 5/ that goods listed in item 5. shall confirm its receipt at the request of competent authority from the exporting country. | |
| **8. Министерството за надворешни работи и надворешна трговија со овој сертификат потврдува дека стоката наведена во точка 5. е нарачана од страна на увозникот/крајниот корисник/Ministry of Foreign Affairs and Foreign Trade hereby certify that goods listed in item 5. are ordered by the importer/end user** | |
| **9. Овој Сертификат важи шест месеци од денот на издавањето/ This Certificate is valid six months from the date of issue** | |
| **Увозник или краен корисник (доколку е различен од увозникот)/Importer or end user (if different than importer)**<br><br>------------ ------------------------------- ----------------------------------------<br>**Датум/Date** **Име и презиме и функција/Name and title** **Потпис и печат/Signature and seal** | |
| **Заверен од надлежен орган:/Certified by competent authority**<br><br>------------ ----------------------------- ---------------------------------------<br>**Датум/Date** **Име и презиме и функција/Name and title** **Потпис и печат/Signature and seal** | |

**Анекс 1/Annex 1**

| Бр./No. | Тарифна ознака/ Tariff Code | Опис на стоката/ Description of goods | Единечна мерка/ Unit measure | Количина/ Quantity |
|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |
| 6. | | | | |
| 7. | | | | |
| 8. | | | | |
| 9. | | | | |
| 10. | | | | |
| 11. | | | | |
| 12. | | | | |
| 13. | | | | |
| 14. | | | | |
| 15. | | | | |
| 16. | | | | |
| 17. | | | | |
| 18. | | | | |
| 19. | | | | |
| 20. | | | | |
| 21. | | | | |
| 22. | | | | |
| 23. | | | | |
| 24. | | | | |
| 25. | | | | |
| 26. | | | | |
| 27. | | | | |
| 28. | | | | |
| 29. | | | | |
| 30. | | | | |
| | | | Валута/Currency | Вкупна вредност/ Total value |

| РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА<br><br>REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA MINISTRY OF FOREIGN AFFAIRS AND FOREIGN TRADE | Рок на важност/Validity term | Продолжување на рокот на важност/Extended validity term |
|---|---|---|
| | До датум................/<br>Until date<br><br>Потпис/ Signature     Печат/ Stamp | До датум......................./<br>Until date<br><br>Потпис/ Signature     Печат/ Stamp |